

**Беше родена на 27 април 1930 во село Страцин, Кратовско. Извесно време работела во Операта при МНТ, а била членка и на Државниот ансамбл на народни игри и песни „Танец“ ...**

Вања Лазарова замина во легендите докажувајќи со своите песни дека македонскиот музички јазик, а, пред сѐ, македонската фолклорна традиција се вистински амблем на македонската култура и национален идентитет, мисија којашто може да се оствари - единствено со поимање на нивната суштина, но и личната и национална посветеност. Нејзините песни и глас, остануваат да живеат.

Ова беше истакнато на комеморативната седница во чест и спомен на доајенот на македонската народна песна Вања Лазарова, која се одржа денеска во студиото М1 на Македонското радио.

На комеморативната седница присуствуваше и министерката за култура Елизабета Канческа-Милевска.

Претседателката на Националниот совет за родова рамноправност
при Сојузот на организациите на жени на Република Македонија, Савка Тодоровска, во обраќањето пред присутните рече дека Вања се грижела за сето она што ние требаше да го дадеме.







